# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.10 од 21.01.2008 година**

## Член 1

Во Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија" број 28/2002, 46/2004 и 126/2006), во членот 33 став (1) на крајот на реченицата по зборот "банки" запирката се заменува со точка, а зборовите: "како и изјава за согласност за јавно објавување на податоците за имотната состојба од анкетниот лист" се бришат.

## Член 2

Во членот 36 по ставот 5 се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

"(6) Во постапката од ставот (1) на овој член лицето е должно на Управата за јавни приходи да и ги презентира доказите за изворите на средствата од кои е стекнат имотот и средствата со кои располага лицето и членовите на неговото семејство.

(7) Државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, носителите на платниот промет и други физички и правни лица, на барање на Управата за јавни приходи и во рок кој таа ќе го определи, се должни да ги дадат сите информации потребни за утврдување на фактичката состојба кои се битни за испитување на имотот и имотната состојба."

## Член 3

Во членот 36-а ставот (1) се менува и гласи:

"Ако во постапката за испитување на имотот и имотната состојба не се докаже дека имотот е стекнат или зголемен како резултат на примања што се пријавени и оданочени, Управата за јавни приходи ќе донесе решение за оданочување со персонален данок.

Основа за пресметување на данокот претставува разликата меѓу вредноста на имотот во време на стекнувањето и докажаната висина на средствата за негово стекнување. Данокот на непријавените приходи се пресметува по стапка од 70%."

По ставот (1) се додаваат три нови става (2), (3) и (4), кои гласат:

"(2) На износот на пресметаниот (а неплатен) данок се пресметува и наплатува камата согласно со Законот за даночната постапка, сметано од денот на донесувањето на решението за оданочување.

(3) Против решението може да се изјави правен лек согласно со Законот за даночната постапка и истиот не ја одлага наплатата на данокот.

(4) Наплатата на данокот по решението од ставот (1) на овој член се спроведува во согласност со одредбите од Законот за даночната постапка."

Ставот (2) станува став (5).

Во ставот (3) кој станува став (6) бројот "(2)" се заменува со бројот "(5)".

## Член 4

Во членот 36-б ставовите 2,3,4 и 5 се бришат.

**Член 5**

Насловот на Главата VII се менува и гласи: "Казнени и прекршочни одредби".

**Член 6**

Во Главата VII по членот 59 се додава нов член 59-а, кој гласи:

"Член 59-а

(1) Тој што на барање на Управата за јавни приходи во определениот рок не ги достави бараните информации за утврдување на фактичката состојба за оданочување ќе се казни со казна затвор од три месеца до една година.

(2) Ако делото од ставот (1) на овој член го стори службеното лице во државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, носителите на платниот промет, или одговорното лице во правното лице што врши работи од јавен интерес и други правни лица ќе се казни со казна затвор од една до три години."

**Член 7**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".